Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-266/5
04 05 2023 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2023-31.03.2023 ГОДИНА

# ВОВЕД

Во првиот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 9.142.086.00 денари.
Приходите заклучно 31.03.2023 година изнесуваат 67.388.876,00 денари.
Расходите се на износ 58.246.790,00 денари.
Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2023 година | 2022 година |
|---|---|---|
| | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 59.075.309,00 | 51.102.545,00 |
| | | |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 7.621.189,00 | 2.359.203,00 |
| | | |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 691.163,00 | 5.834.720,00 |
| | | |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 1.215,00 | 161,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **67.388.876,00** | **59.296.629,00** |

| РАСХОДИ – кл.4 | 2023 година | 2022 година |
|---|---|---|
| | | |
| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 3.650.033,00 | 5.871.799,00 |
| | | |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 12.113.765,00 | 7.865.443,00 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И | | |
| ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 36.568.390,00 | 33.844.360,00 |
| | | |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 3.434.694,00 | 3.324.719,00 |
| | | |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 1.857.280,00 | 1.861.848,00 |
| | | |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 31.122,00 | 54.018,00 |
| | | |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 2.006,00 | 33.003,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **57.657.290,00** | **52.855.190,00** |

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2023 ГОДИНА | 2022 ГОДИНА |
|---|---|---|
| Вкупно приходи | **67.388.876,00** | **59.296.629,00** |
| Вкупно расходи | **57.657.290,00** | **52.855.190,00** |
| Добивка | **9.731.586,00** | **6.441.439,00** |

# ПРИХОДИ

Приходите за период 01.01- 31.03.2023 година изнесуваат 67.388.876,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 59.075.309,00 ден.
- Сектор Пајак 7.621.189,00 ден.
- Останати приходи 691.163,00 ден.
- Финансиски приходи 1.215,00 ден.

## ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2023 година | 2022 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 22.859.583,00 | 19.326.659,00 | 3.532.924,00 | 1,18 |
| **2.зонско паркирање** | 28.308.967,00 | 25.371.689,00 | 2.937.278,00 | 1,12 |
| **3.катна гаража-Беко** | 5.652.667,00 | 4.479.994,00 | 1.172.673,00 | 1,26 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 2.254.092,00 | 1.924.203,00 | 329.889,00 | 1,17 |
| **Вкупно приходи:** | **59.075.309,00** | **51.102.545,00** | **7.972.764,00** | **1,16** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 7.972.764,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 3.532.924,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 2.937.278,00 денари. Најзначителен пораст на приходите во рамките на зонското паркирање бележиме кај наплата на паркирање по пат на смс како и и кај доплатните карти. Зголемен е приходот и од претплати за зонско паркирање а речиси на идентично ниво е приходот остварен од продажба на гребки. За разлика од минатата година оваа година имаме приходи остварени од скенирана наплата односно со QR-код.

Во спредба со истиот период од минатата година катната гаража „Беко“ има зголемување на приходите за 1.172.673,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули“ бележи зголемување на приходите за 329.889,00 денари.
Катната гаража „Беко“ бележи поголеми приходи во споредба со катната гаража „26-ти Јули“ заради својата местоположба односно, локација во строгиот центар на градот.

## ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2023 година | 2022 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 7.618.647,00 | 2.358.355,00 | 5.260.292,00 | 3,23 |
| 2.фактурирана услуга | 2.542,00 | 848,00 | 1.694,00 | 3,00 |
| Вкупно приходи : | 7.621.189,00 | 2.359.203,00 | 5.261.986,00 | 3,23 |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 7.621.189,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 5.261.986,00 денари. Во првиот квартал од годината наплатени се 4.107 возила односно 2.545 возила повеќе во спордба со истиот период од минатата година кога се наплатени 1.562 возила. Како резултат на незадоволителната соработка со МВР и неиздавање на налози за подигање на непрописно паркирани возила , минатата година претпријатието бележеше значител пад на приходите од работењето на овој сектор.

## ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2023 година | 2022 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 12.022,00 | 17.737,00 | -5.715,00 | 0,68 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 5.382.902,00 | -5.015.000,00 | 0,07 |
| од наплатени судски трошоци | 10.560,00 | 10.144,00 | 416,00 | 1,04 |
| од наплата на штети | 72.867,00 | 48.542,00 | 24.325,00 | 1,50 |
| од др.надом,вонред.приходи,мин.год | 227.812,00 | 375.395,00 | -147.583,00 | 0,61 |
| Вкупно приходи : | 691.163,00 | 5.834.720,00 | -5.143.557,00 | 0,12 |

Во првиот првиот квартал од годината остварени се останати приходи на износ 691.163,00 денари.
Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 12.022,00 денари; приходи од субвенции и донации дадени во опрема 367.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 10.560,00 денари приходи од наплата на штети 72.867,00 денари како и други приходи на износ 227.812,00 денари .

Од прегледот се забележува дека во споредба со минатата година приходите се значително намалени од причина што во 2023 година претпријатието не доби субвенции за потешкотии во работењето. Минатата година согласно Буџетот на Град Скопје за 2022 година беа доделени 5.000.000,00 денари субвенции за потешкотии кои беа искористени за подмирување на дел од обврската за комунална такса за 2020 година на износ 6.729.147,00 денари.

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец март бележиме приходи на износ 1.215,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 31.03.2023 година се на износ 57.657.290,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| **опис** | **2023 година** | **2022 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 160.102,00 | 59.103,00 | 100.999,00 | 2,71 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 624.737,00 | 438.517,00 | 186.220,00 | 1,42 |
| **ел.енергија,парно** | 857.301,00 | 4.724.709,00 | -3.867.408,00 | 0,18 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 1.025.858,00 | 501.653,00 | 524.205,00 | 2,04 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 982.035,00 | 147.817,00 | 834.218,00 | 6,64 |
| **вкупно:** | **3.650.033,00** | **5.871.799,00** | **-2.221.766,00** | **0,62** |

Материјалните трошоци во првиот квартал од годината изнесуваат 3.650.033,00 денари. Оваа група на трошоци, споредена со минатата година, е помала за 2.221.766,00 денари.
Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 160.102,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и греб картички 624.737,00 денари, електрична енергија и парно 857.301,00 денари, гориво 1.025.858,00 денари како и трошокот за инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 982.035,00 денари.
Од прегледот може да се забележи дека со исклучок на трошокот за електрична енергија сите трошоци во групата бележат пораст како резултат на зголемен обем на работа.

Трошокот за електрична енергија евидентиран во прегледот на износ 857.301,00 е помал за износ од 961.661,00 денари од причина што фактурите на снабдувачот за месец јануари и февруари се вратени-рекламирани заради неусогласеност со договорот.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Поштенски,телефонаки услуги и интернет | 510.701,00 | 453.877,00 | 56.824,00 | 1,13 |
| Услуги за тековно одржување | 2.079.950,00 | 263.520,00 | 1.816.430,00 | 7,89 |
| Услуги за одрж.нематеријални средства | 87.840,00 | 156.732,00 | -68.892,00 | 0,56 |
| Услуги за бележење и инфо табли | 91.869,00 | 61.091,00 | 30.778,00 | 1,50 |
| Тршоци за наем,вложување во туѓ имот | 818.840,00 | 661.492,00 | 157.348,00 | 1,24 |
| Комунални услуги | 794.150,00 | 837.732,00 | -43.582,00 | 0,95 |
| Останати услуги | 158.666,00 | 159.417,00 | -751,00 | 1,00 |
| Останати непроизводствени услуги | 4.059.769,00 | 3.802.708,00 | 257.061,00 | 1,07 |
| Останати услуги - времени вработувања | 3.511.980,00 | 1.468.874,00 | 2.043.106,00 | 2,39 |
| **вкупно:** | **12.113.765,00** | **7.865.443,00** | **4.248.322,00** | **1,54** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 12.113.765,00 денари односно, бележиме зголемување на трошоците за 4.248.322,00 денари во споредба со 2022 година .

Евидентно од прегледот во овој квартал бележиме зголемуање на трошокот за тековно одржување на основните средства и тоа за одржување на паркинг системите.Минатата година претпријатието немаше обновен договор за одржување заради што не беше евидентиран трошок по тој основ. Понатаму зголемување бележиме на трошокот за вложување во туѓ имот како резултат на трошоците за чистење на катните гаражи, и за нивно тековно одржување – молерисување, столарски услуги итн.

Останатите трошоци се речиси на исто ниво како и минатата година.

Поголем е трошокот за одржување на системот за зонско паркирање од причина што остварен е поголем промет во овој квартал од годината споредено со минатат година.

Трошокот за времени вработувања е поголем како резултат на поголем број ангажирани лица преку агенција за времени вработување во споредба со истиот период на минатата година . Заклучно месец март ангажирани се 40 односно 26 лица бидејќи на дел од нив во текот на месецот им заврши договорот за нивно ангажирање.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| **опис** | **2023 година** | **2022 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 36.468.182,00 | 33.789.135,00 | 2.679.047,00 | 1,08 |
| **отпремнина** | 65.016,00 | 0,00 | 65.016,00 | - |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 0,00 | 6.666,00 | -6.666,00 | 0,00 |
| **Помош на вработени** | 35.192,00 | 48.559,00 | -13.367,00 | 0,72 |
| **вкупно:** | **36.568.390,00** | **33.844.360,00** | **2.724.030,00** | **1,08** |

Трошокот за плати изнесува 36.568.390,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 2.724.030,00 денари. Заклучно месец март бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 257 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 263 лица. Трошокот за плати варира како резултат на флуктуации на вработените по основ на користење боледувања, неплатени отсуства, отказ, пензионирање , итн. заради што трошокот на плата соодветно се менува. Во овој квартал на годината порастот на трошокот за плати е резултат на усогласувањето на платите што беше извршено во месец октомври минатата година кога имавме линеарно покачување за 2.992,00 денари.

Во трошокот за плати вклучени се и други надоместоци на вработените.

Исплатена е една отпремнина на вработен кој остварил право на старосна пензија. Надоместок за јубилејна наградаа за 10 години непрекинат стаж во претпријатието не е исплатена од причина што не е остварено такво право во овој квартал од годината .

Исплатен е надомест за непрекинато боледување во траење од 6 месеци за еден вработен на износ 35.192,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 3.434.694,00 денари и е поголем во спредба со минатата година за 109.975,00 денари кога истиот изнесувал 3.324.719,00 денари.

## ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ

| опис | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| др.надоместоци на вработени,обуки исл. | 14.000,00 | 0,00 | 14.000,00 | - |
| хонорари на управен и надзорен одбор | 466.671,00 | 466.671,00 | 0,00 | 1,00 |
| репрезентација | 84.404,00 | 47.445,00 | 36.959,00 | 1,78 |
| трошоци за осигурување | 205.254,00 | 197.333,00 | 7.921,00 | 1,04 |
| банкарски провизии | 164.806,00 | 118.780,00 | 46.026,00 | 1,39 |
| трош за ДДВ,чланарини и адм.такси | 640.118,00 | 808.706,00 | -168.588,00 | 0,79 |
| користење права | 115.260,00 | 80.775,00 | 34.485,00 | 1,43 |
| Останати трошоци на работењето | 166.767,00 | 142.138,00 | 24.629,00 | 1,17 |
| вкупно: | 1.857.280,00 | 1.861.848,00 | -4.568,00 | 1,00 |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 1.857.280,00 денари. Ако се споредат со минатата година кога изнесувале 1.861.848,00 денари, се забележува незначително намалување на трошоците за 4.568,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци: надоместоци на органите на управување 466.671,00 денари, репрезентација 84.404,00 денари, осигурување 205.254,00 денари, банкарски провизии 164.806,00 денари, трошок за ДДВ 640.118,00 денари, чланарини 4.800,00 денари и административни такси 7.503,00 денари; трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери 115.260,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 166.767,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги, договор на дело,трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија итн.

## ОСТАНАТИ РАСХОДИ

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 31.122,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ од 30.444,00 денари како и дополнително утврдени трошоци од минати години на износ 678,00 денари

## ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 2.006,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија, телефон итн.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2023 ГОДИНА

| АКТИВА | 2023 година | 2022 година |
|---|---|---|
| | | |
| 1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 49.444.561,00 | 60,156,660.00 |
| кл.00 | | |
| | | |
| 2.ЗАЛИХИ | | |
| кл.3 | 2.942.951,00 | 1,971,334.00 |
| | | |
| 3. ОБРТНИ СРЕДСТВА | 54.481.025,00 | 52,763,173.00 |
| кл.1 | | |
| | | |
| 4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 508.903,00 | 504,517.00 |
| кл.1 гр.19 | | |
| ВКУПНО АКТИВА: | 107.377.440,00 | 115.395.684,00 |

| ПАСИВА | 2023 година | 2022 година |
|---|---|---|
| 1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | | |
| Државен јавен капитал | 153.052,00 | 153,052.00 |
| Останат капитал | 0,00 | 0.00 |
| | | |
| 2.Законски резерви | 15.305,00 | 15,305.00 |
| | | |
| 3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години | 27.983.846,00 | 41,001,516.00 |
| | | |
| 4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА за прв квартал | 9.731.586,00 | 6,441,439.00 |
| | | |
| 5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 60.209.700,00 | 57,507,124.00 |
| кл.2 | | |
| 6.Одложени плаќање на приходи и расходи | 9.283.951,00 | 10,277,248.00 |
| ВКУПНО ПАСИВА: | 107.377.440,00 | 115,395,684.00 |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.03.2023 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 31.03.2023 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 49.444.561денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.
Во текот на првите три месеци месеци од годината претпријатието инвестираше - набави нови средства ,опрема на изос од 693.450,00 денари. Се работи за три клима уреди на износ од 103.950,00 денари и сообраќајни проекти во вредност од 589.500,00 денари.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 2.942.951,00 денари.
Од нив, 1.938.174,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу" течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 309.946,00 денари се состои претежно од залиха на блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, батерии за моторoли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат,радијатори,панелна греалка,сет за прва помош итн.

ХТЗ опрема Претпријатието има на залиха во вредност од 694.831,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, чевли,кабаница итн.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.03.2023година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 36.184.693,00 денари.
Побарувањата од купувачите изнесуваат 15.566.510,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.
Тужени побарувања има на износ 2.849.133,00 денари. Истите, во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во

текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

Евидентирани се и побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 2.260.915,00 денари како и даноци и придонеси од плата на вработени на износ од 7.892,00 денари.

Побарувањата од вработените се на износ 264.089,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати , надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата и придонеси од плата, финансиски кусок од дневен промет .

Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 196.926,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 508.903,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 444.726,00 денари, осигурување 11.664,00 , чип картички на износ 7.586,00 денари, претплата за радиофрекфенции 308,00 денари а остатокот од 44.619,00 отпаѓа на нереализирани трошоци за службен пат.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 60.209.700,00 денари. Од овој износ, 100.424,00 отпаѓа на обврска за извршена услуга за подигање на возила од зелена површина со комунален инспектор, 6.128.910,00 отпаѓа на обврски кон добавувачи,обврска за ДДВ за м.03 на износ 3.605.298,00 денари,обврска за надоместоци на членови на управен и надзорен одбор на износ 140.000,00 обврска за бруто плата на вработените за месец Март на износ 12.351.558,00 денари, обврски за аванси 28.571,00 денари ,обврски за данок од доход по основ на други лични примања и закуп кон физички лица на износ 25.130,00 ден. Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 37.829.809,00 денари. Во текот на првиот квартал од годината извршено е плаќање на дел од обврската за комунална такса од 2021 и 2022 година во вкупен износ од 5.330.566,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 9.283.951,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 3.118.929,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 225.764,00 денари.

По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 5.535.170,00 денари. Износот од 404.088,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп за месец февруари и месец март по основ договор за стопанисување со паркингот 8-ми Септември .

# ЗАКЛУЧОК

Во првиот квартал од годината односно периодот 01.01.2023-31.03.2023 година претпријатието оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 9.731.586,00 денари.

Работењето на претпријатието во изминатот период е успешно бидејќи забележуваме зголемување на оперативните приходи како од дејноста паркирање така и подигање на непрописно паркирани возила во соработка со МВР и комуналните инспектори на Град Скопје.

Исто така во претпријатието навремено се подмируваат тековните обврски како што се : обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Се внимава на висината на трошоците што се нужни во тековното работење со цел заштеда секаде каде процесот на работа дозволува.

Во зависност од условите на стопанисување очекуваме претпријатието да ги одржи и подобри резултатите од своето работење и во периодот што следи.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
В.Д ДИРЕКТОР,
М-р Михаил Петровски

Врз основа на член 19 став 2 точка 4 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22), и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 04.05.2023 година ја донесе следнава:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-266/5
04 05 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# О Д Л У К А
## за усвојување на Тримесечен извештај со показатели за финансиското работење наЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 год

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука усвојување на Тримесечен извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 год.

***Член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 04.05.2023 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Татјана Петрушевска

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-265/4
04 05 2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за Јавни претпријатија(Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/1, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22), и член 38 од Статутот на ЈП Градски Паркинг-Скопје, Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП Градски Паркинг– Скопје, на седницата одржана на ден 04.05.2023 година го разгледа тримесечниот извештајот со показатели за финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 год и го достави следното:

**М И С Л Е Њ Е**
**за тримесечниот извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 год**

Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење дава позитивно мислење за тримесечниот извештајот со показатели за финансиското работење на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период од 01.01.2023 до 01.03.2023 год.

ЈП Градски Паркинг – Скопје
Скопје, 04.05.2023 година

НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА
МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ
Претседател,
Соња Ѓелевска Шетловска